МРТ

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

---

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5338/**

# З А П И С Н И К

**Од 167.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 28.10.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ,Мигена Горенца- Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 167.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 166.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2021-30.09.2021 година.

3. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година:
   -програма за работа за 2022 година,
   -финанскиски план за 2022 година.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 166.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 166.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 166.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 166.седница е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2021-30.09.2021 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.07.2021-30.09.2021 година, односно дека во периодот 07-09 месец 2021 година реализирани се приходи во износ од 333.654.038 денари.
Како приход со највисок износ е приходот кој МРТ го добива од Буџетот на РСМ-Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност.Но, од почетокот на 2021 година односно во претходните два квартални периоди, а како последица на мерките за намалување на вкупните трошоци во државата, средствата по овој основ МРТ ги добиваше во значително намален износ во однос на планираниот, а тоа негативно се одрази како на тековното работење така и на финансискиот резултат во претходните два квартални извештаи од годината. Меѓутоа, по усвојувањето на ребалансот на Буџетот на РСМ, во месец Август 2021 година, како дел од износот кој претходно беше намален, на МРТ и беа исплатени дополнителни средства во износ од 156.450.000 денари, со што вкупно добиените средства за финансирање на радиодифузна дејност во третиот квартал од 2021 година изнесуваат 324.075.000 денари. Овие средства придонесоа за подобрување на финансиската состојба и ликвидноста на МРТ и го олеснија сервисирањето на тековните но и на заостанатите обврски. Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.481 денар што е реализација од 13,5% во однос на планираните приходи за 2021 година за оваа намена.
По основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) остварени се приходи во вкупен износ од 517.314 денари или 17,2% во однос на планираните приходи за 2021 година за оваа намена, а приходот од услуги во странство е остварен во износ од 6.080 денари.
Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 2.988.749 денари или остварување од 16,2% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.
Приходите од наплата на средства по основ на судски пресуди во корист на МРТ бележат остварување во износ од 23.781 денар.Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во третото тримесечје од 2021 година е остварен во износ од 5.975.633 денари што е реализација од 6,0% на планираните средства во Финансискиот план за 2021 година за оваа намена. Во тековното работење ЈРП МРТ настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области а при тоа со акцент на откуп и емитување на најзначајните спортски настани.
Дарко Стефановски Претседател на Надзорниот одбор на МРТ објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2021-30.09.2021 година со забелешки по однос на приходите од маркетингот.

Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија со забелешка по однос на ставките за патни трошоци, забележливи се големи разлики од минатите квартали а сеуште сме во време на рестрикции и пандемија, и исто така заменикот се осврна на инвестициите во Македонското радио што ги констатиравме на минати седници.
Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ објасни дека по однос на патните трошоци, дека сега има мало раздвижување, а бидејќи минатата година немаше скоро никаква реализација сега така се добива впечаток дека има нешто многу, но нема никакво отскокнување од предходните години и се во нормала, а што се однесува до инвестициите во радиото нема бидејќи поради намалените средства од државниот буџет нема да има инвестиции.
Гајур Рамадани со забелешка по бројот на вработени односно дека во последниве години се забележува драстичен пад на бројот на вработени, и постави прашање дали постои некаков план за пополнување на местата во МРТ,онаму кај што е најпотребно.
Горан Атанасов одговори дека секако се потребни нови вработувња, но се соочуваме со тоа што не добивавме согласност од надлежните министерства, конечно оваа тековна година има мало раздвижување и добивме согласност, и по локалните избори ќе распишеме конкурс за 26 вработувања и истите се исклучиво за позиции за најпотребните места.Додека за следна година испратен е план за вработување за 62 лица и од таму сега чекаме повратен одговор.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2021-30.09.2021 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2021-30.09.2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2021-30.09.2021 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година:**

**-програма за работа за 2022 година,**

**-финанскиски план за 2022 година.**

На почетокот воведно излагање по оваа точка имаше претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац со осврт на целиот документ и на законскиот рок во кој истата треба да е усвоена и доставена до Собранието на РМ
Претседателот на Надзорниот одбор информираше дека на предходна седница Надзорниот одбор на МРТ ја разгледа Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2022 година и Финансискиот план за 2022 година без забелешки и даде согласност на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година.
Надзорниот одбор притоа ги донесе заклучок со кој му укажува на Директорот на ЈРП МРТ при реализацијата на Годишната програма да се води од реалните очекувања за приходите на компанијата и по потреба да го информира Надзорниот одбор за евентуални неостварувања на приходите од усвоената Годишна програма.
Потоа во расправата беа вклучени Главните уредници на првиот и вториот сервис во МТВ Анета Андонова и Мигена Горенца.

Анета Андонова Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ во своето излагање објасни дека Македонската телевизија во 2022 година својата улога на јавен сервис ќе ја оствари обогатена со новите три програмски сервиса – Вториот програмски сервис- 24 часовен канал на албански јазик, Третиот програмски сервис – Канал за забава, спорт и култура, Четвртиот програмски сервис – канал за документарна програма и програма на немнозинските заедници кои живеат во РСМ и Петтиот програмски сервис – Канал за детска програма.

Покрај тоа што преку Првиот и Вториот програмски сервис, Македонската телевизија ги остварува своите законски обврски, на овие програмски сервиси се емитуваат сите информативни содржини и сите останати содржини од јавен и од национален интерес.
Особено треба да се истакне работата на Дописничките центри од РСМ кои започнаа да функционираат во 2020 година и дадоа огромен приодонес со својата работа во 2020 година, посебно во периодот на почетоците и во текот на развојот на пандемијата со новиот Коронавирус низ државата и овој тренд ќе продолжи како во 2021 година, така и во 2022 година..
Македонската телевизија во 2022 година ќе има богата понуда на странска и домашна играна програма, документарна, спортска, образовна, детска, програми од областа на културата, информации од социјалниот и од политичкиот живот од сите региони во Републиката, како и понуда на сопствено произведена програма и актрактивна корпродукциска програма.
Двата сателитски програмски сервиси на македонски и на албански јазик се наменети за информирање на иселениците од Републиката, кои со преземените информации од Првиот и од Вториот програмски сервис на МТВ се навремено и целосно информирани за состојбите во државата. Истовремено, сателитските програмски сервиси нудат и содржини од забавен, документарен, фолклорен и социјален аспект, така што сите информации неопходни за зачувување на националниот идентитет се презентирани преку овие два програмски сервиса.
Мигена Горенца Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис МТВ во своето излагање објасни дека програмата за работа на Вториот програмски сервис на Македонската Телевизија за 2022 година е концепирана во согласност со програмските видувања на програмските уредници на МТВ2 и според актуелните кадровски капацитети на нашата програма.
Програмските целини се во согласност со мандатот на Јавниот Радиодифузен Сервис и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот за МРТ.
Програмата што ја доставуваме, во целост кореспондира со новата динамика и реформската стратегија на МРТ-МТВ.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија истакна дека МРТ 1 има многу добра програма додека тоа не е така кај МТВ 2, и во продолжение упати прашање до уредникот на вториот сервис:
-зошто има 8 проекти со префиксот „ако“ има средства и „евентуални“ договори, и уште 6 проекти со „ако“ има вработени, зошто се кориостат вакви изрази во ваков официјален документ кога проектите се избрани на јавен повик од комисијата за избор на програмски содржини, и ние како Програмски совет ги добивме на список со проекти кои се избрани од комисијата за избор на програмски содржини.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија посочи до присутните членови дека на ваков документ нема да гласа позитивно, бидејќи на ова е укажувано многу пати предходно пред да се изработува овој документ.
Ивана Трајковска со прашање што се случува со оние проекти кои се избрани но не се рализираат во рокот поради немање финансиски средства?

Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека јавните конкурси за програма се со траење од една година, и се распишуваат на почеток на месец април секоја година,што се однесува пак до проектите од минатата година, тие проекти се поминати на Комисијата за избор на програмски содржини, но затоа што е помината годината за која се распишани односно биле наменети, се известуваат продукциите дека треба повторно да се јават на конкурсот што е распишан во април оваа година.
Ведат Мемедалија со прашање до директорот колку од тие проекти наменети за МТВ 2 што веќе го поминале филтерот од Комисијата за избор на програмски содржини ќе бидат реализирани?
Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека од тие проекти што веќе се поминати на комисија како што кажа и уредничката Мигена Горенца три проекти се веќе потпишани,два договори се на параф во секторот за финансии и ќе бидат потпишани согласно процедурата за потпишување и реализација на договори.
Анита Латифи со констатација дека има селективен пристап во реализирање на проектите помеѓу МТВ1 и МТВ2, од она што го гледаме 14 проекти се одбрени за МТВ1 а само 2 за МТВ2,ветените 2 или 3 требаше да бидат потпишани до сега и не знам како може да гласаме ваков документ и нема да гласам за ваква програма.
Гајур Рамадани во врска со програмата истакна дека делот од програмата за МТВ1 е за секоја пофалба, но од програмата за МТВ 2 пак сум изненаден затоа што во сите проекти кои се предвидени ништо не укажува на тоа дека истите ќе бидат реализирани, делот од документот кој го имаме пред нас за МТВ2 е за критика бидејќи целиот документ е условен и истата не е адекватна за она што го очекуваат гледачите и нивото на еден јавен сервис, и јас како член на советот не можам да прифатам да гласам ваква програма.
Снежана Клинчарова потенцираше дека мора де се има предвид тоа дека МРТ е ставена меѓу чеканот и наковалната. Од една страна Владата, а од друга законите кои самата Влада не ги почитува,т.е. не го почитува делот од финансиите што треба да ги добие куќата од буџетот. Сепак, и покрај сите проблеми, програмата која ја имаме пред нас е за пофалба и има убави проекти, пред се репортажите и документарците и многу други содржини. Посочи конкретни серии со кои треба да се збогати детската анимирана програма, а во однос на информативната програма побара поголема храброст, особено во уредувачката политика.

Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година составена од Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година.

■**Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година составена од Програма за работа за 2022 година и Финансиски план за 2022 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **7** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**5** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година **не е усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ,**(бидејќи нема мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Програмскиот совет на МРТ кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Р.Македонија).**

По гласањето на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац предложи **Заклучок**:

● Програмскиот совет на МРТ да формира работна група која ќе ги усогласи разликите кои се појавија по однос на Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година, и истите како писмен документ да бидат доставени и имплементирани во документот на наредната седница на советот закажана за 29.10.2021 година.

-Заклучокот беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**

По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 16:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател